РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се врши **зголемување** на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 0,40**%** во однос на одлуката од 27.07.2022 година.

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување во просек: кај бензините за 0,344%, кај дизелот зголемување за 1,336%, кај екстра лесното масло намалување за 0,95% и кај мазутот зголемување за 1,137%.

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 не се менуваат,** додека малопродажната цена на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) се зголемува за 1,50 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се намалува за 0,50 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се зголемува за 0,503 ден/кг и сега ќе изнесува 53,343 ден/кг.**

**Од 2.8.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **95,50 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **98,00 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **95,50 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **94,00 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **53,343 (денари/килограм)** |

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка е **повисок за 0,484%.**

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 2.8.2022 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

1.8.2022

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk